РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS
Сертифициран систем според
Sistemi i certifikuar sipas
ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 01-444/1 Скопје,Shkup,Skopje 13. 12. 2024година/\

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МОНИТОРИНГ НА ВЕБ СТРАНИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, 2024 година

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

## ❖ ВОВЕД:

Информациите од јавно значење им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации од одредени јавни институции. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни и транспарентни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките и други дејствија што се од интерес за и ја засегаат јавноста.

Обврската на институциите да ја направат својата работа транспарентна важи за сите институциите, иматели на информации од јавен карактер. Од таа причина, важно е граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста, а имателите се должни на граѓаните да им овозможат пристап до информациите од јавен карактер.
Општата цел на мониторингот е да се согледа нивото на проактивната транспарентност на имателите на информации.

## ❖ ЗАКОНСКИ ПРОПИСИ ЗА ПРИНЦИПОТ НА ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВАЊЕ

Политиките на проактивно објавување на информации од страна на имателите на информации од јавен карактер се регулирани, во голема мера, но сепак не целосно, во законите за пристап до информации.

Со донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК) во 2019 година, утврдени се обврските за објавување на одредени категории на информации, содржани во членот 10.

Категориите на информации, според законот, наведени во членот 10 се: опис на надлежностите и податоци за организациската структура, функциите и одговорностите на управните органи, листа на акти (одлуки) издадени во рамките на надлежностите, финансиски информации, информации за контакт, информации за јавни набавки итн.

Голем дел од категориите на информации кои ги пропишува Законот за СПИЈК се и светски стандарди во оваа област и истите задолжително се објавуваат од страна на имателите на нивните веб страни.

## ❖ ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА МОНИТОРИНГОТ

Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер во случајот согласно одредбите на член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК).

Одделението за соработка и анализи е задолжено за спроведување и имплементирање на мониторинзите на веб страните на имателите за целосно објавување на документите и информациите кои имателите на информации се обврзани да ги објават според членот 10 од Законот.

Целта на мониторингот е да се детектираат состојбите во спроведувањето на обврската на мониторираните иматели на информации од јавен карактер за проактивното објавување на 22-те категории на информации на нивните веб-страници. Тоа помага во реализирањето на надлежноста на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за спроведување на одредбите на ЗСПИЈК и зголемување на капацитетите на имателите на информации од јавен карактер во однос на нивна поголема транспарентност и отвореност. Исто така, мониторингот придонесува за подобра идентификација на потребите за обука на службените лица кај имателите на информации.

## ❖ ИМАТЕЛИ ШТО ЌЕ СЕ МОНИТОРИРААТ ВО 2025 ГОДИНА

Двете најважни групи на иматели кои имаат многу функции и значително влијаат врз животот на граѓаните и добиваат доволно средства од јавниот буџет за поддршка на проактивно објавување, се оние на органите на државната управа и општините. Третата група ја формираат најголемите јавни претпријатија и имателите од судската власт, кои исто така имаат големо влијание врз граѓаните/барателите на информации.

Фреквенцијата на мониторингот е еднаш годишно или на две години во зависност од имателите на информации кои се предмет на мониторинг.

Во 2025 година, како и секоја година, иматели кои ќе бидат мониторирани се **Органите на државната управа**, а оваа обврска Агенцијата ја има и согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација. Мониторингот ќе биде спроведен на:

- Агенции во Република Северна Македонија
- Заводи
- Дирекции
- Комисии
- Институти
- Министерства
- Управи
- Фондови
- Центри
- Влада на Република Северна Македонија
- Државен архив на Република Северна Македонија
- Инспекциски совет
- Народен правобранител на Република Северна Македонија
- Народна банка на Република Северна Македонија
- Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти
- Претседател на Република Северна Македонија
- Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош
- Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
- Собрание на Република Северна Македонија
- Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија
- Централен регистар на Република Северна Македонија
- Државно правобранителство на Република Северна Македонија

Исто така, мониторинг ќе биде спроведен на **Општините и Центрите за развој на плански региони.**

На двегодишна основа, согласно Методологијата за спроведување на мониторинг за проактивно објавување на информации од јавен карактер, мониторинг ќе биде спроведен и на **Јавните претпријатија под надлежност на општините и Град Скопје и Јавните претпријатија и Акционерски друштва во државна сопственост.**

## ❖ РЕФЕРЕНТНА РАМКА

Референтна рамка за мониторинг е прашалникот изработен посебно за таа цел врз основа на категориите наведени во член 10 од ЗСПИЈК. Прашалникот разликува релевантни прашања за различни групи на иматели кои се мониторираат.

## ❖ ДОСТАПНОСТ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МОНИТОРИНГОТ

Извештајот од мониторингот ќе се достави до службените лица кај имателите, кои се предмет на мониторинзите, по е-маил, за нивно запознавање и во исто време ќе се објават на веб-страницата на Агенцијата, во делот **ПУБЛИКАЦИИ**.

## ❖ ЗАКЛУЧОК

Агенцијата спроведувајќи го мониторингот ја согледува проактивната транспарентност кај имателите и дава заклучоци и препораки за нивно подобрување. Проактивната транспарентност е значајна за барателите на информации бидејќи на брз и едноставен начин ќе можат да пристапат до информациите кои се од нивен интерес.

Агенцијата на своите обуки кои континуирано ги организира за службените лица кај имателите на информации дава особен акцент на активната транспарентност и доследна примена на членот 10 од Законот за СПИЈК, бидејќи на тој начин имателите им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на којшто можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што со својата надлежност.

Директор,

Пламенка Бојчева

Подготвил: Оливер Серафимовски